ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-632/9**

**Дата: 30.10.2013**

**ДО**
**ОПШТИНА ОХРИД**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2012 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година, при што е утврдено дека во најголем дел препораките не се спроведени, односно од дадените 14 препораки 3 препораки се спроведени, 8 препораки не се спроведени, 2 се во тек на спроведување а една е делумно спроведена.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Општина Охрид во почеток на 2012 година влезе во втора фаза на фискална децентрализација и покрај состојбата на финансиска нестабилност во која се наоѓа подолг период.
Сметката на Општина Охрид континуирано е блокирана со судски извршни решенија за наплата на неизмирени обврски, започнувајќи од 2005 година, која состојба продолжува и во текот на 2012 година. Поради наведеното, Општина Охрид дел од наплатата на побарувањата (приходите) ги врши со пресметка односно со компензација, цесија и асигнација што е спротивно на член 25 став 2 од Законот за платниот промет. Во текот на 2012 година склучени се договори со пресметка во износ од 178.541 илјади денари и истите не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем што претставува 40% од вкупните приходи.

Иако во текот на 2012 година продолжуваат услови за настанување на финансиска нестабилност, Градоначалникот на општината согласно измената на законската регулатива, нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност што е спротивно на член 39 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Не се преземени мерки и не се надминати состојбите во делот на воспоставувањето на интерните контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите кои се надлежност на општината како и утврдените состојби кај апликациите за финансиско и даночно работење.
Годишниот извештај за работењето на општината доставен до советот не е комплетен и придонесува советниците и граѓаните да не се информирани за реалните состојби во кои се наоѓа општината кое придонесува за намалена транспарентност во работењето на општината и е спротивно на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Кај данокот на имот сеуште е актуелна состојбата со целосно не извршеното ажурирање на регистарот на недвижен имот од аспект на повторно вреднување на пазарната вредност на имотот на граѓаните согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност што е спротивно на член 5 од Законот за даноците на имот и ги доведува во повластена положба околу 50% од даночните обврзници.
Решенијата по основ на комунална такса за фирма за 2012 година не се издадени во законски утврдениот рок, а во текот на 2012 година доставени се само 26% од решенија за комунални такси за фирма, од вкупниот број на издадени решенија.
Комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба не е наплатувана од организаторите на кампирањето .

Не се ажурирани зоните на градежното земјиште на подрачјето на градот и туристичките населби односно населените места согласно фактичката состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште, предвидени со Програмата за уредување на градежното земјиште на град Охрид и туристичките населби , со која утврдени се шест зони за изградба на објектите и истите се во примена и во текот на 2012 година, не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште кај дел од населените места кои веќе се инфраструктурно уредени.

Не е извршен целосен попис на побарувањата со состојба на 31.12.2012 година, односно не е извршено утврдување на правниот основ и старосната структура на истите. Во Билансот на состојбата не се искажани побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за истакнување на фирма.

За утврдените состојби ревизијата даде препораки на надлежните органи и служби со цел надминување на истите.



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________

_____________________

Од страна на законскиот застапник на Општина Охрид, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека истите претставуваат известување за преземени мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

_______________________

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 23 и 24 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2012 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2010 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид под 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум ревизијата не изрази мислење, а за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид од 01.04.2005 година до 02.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени процени кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „ Делокруг на ревизијата - ревизорски постапки“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не воспоставил интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите, не е извршен целосен попис на побарувањата од аспект на утврдување на правниот основ и старосната структура , дел од приходите во износ од 40% од вкупните приходи ги наплатил со пресметки кои не се поминати низ платниот промет на трезорскиот систем, не пресметува и остварува приходи по основ на комунални такси за: користење на површини во

кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба; закупнина на просторот за паркинг, не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавна чистота и не обезбедил целосна евиденција на побарувањата по сите основи и не извршил попис на побарувањата. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 27.05.2013 до 17.06.2013, кај Општина Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година.

**4. Наоди и препораки**

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 31.07. 2011 година.

Градоначалникот на Општина Охрид на ден 30.09.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2012 година. Забелешките се разгледани при што не се прифатија од причина што истите претставуваат известување за преземени мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај .

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**Процесот на утврдување и наплата на приходите по основ на даноци, такси и надоместоци**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на пресметување, утврдување и евидентирање на побарувањата како и наплатата на приходите по основ на даноци, такси и надоместоци, имајќи ја во предвид значајноста

на наведените приходи, за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме ризик од нецелосна и ненавремена евиденција на побарувањата како и ризик од нецелосна наплата на приходите по истите. Причините за наведената состојба се следните:

- отсуство на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни активности, надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација, вклучени во процесот на утврдувањето, евиденцијата на побарувањата и наплата на приходите,
- податоците за даночните обврзници по основ на даноци и такси не се целосно ажурирани и
- не се назначени раководители на секторите надлежни за реализација на активностите во наведениот процес, со што е отежната/оневозможена координација помеѓу надлежните служби и одделенија.

Утврдената состојба е спротивна на одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава можност од нецелосно функционирање на клучните контроли, со кои ќе се обезбеди уверување дека е извршена целосна, навремена и законска пресметка и наплата на даноците, таксите и надоместоците, поради што е констатирана состојба наведена во дел од точките од овој извештај. Наведената состојба е констатирана од страна на овластениот државен ревизор и со ревизијата за 2010 година, при што е дадена препорака која се уште не е целосно спроведена.

Во текот на 2013 година од страна на вработените во општината изработени се пишани процедури за работа на поодделните одделенија во наведениот процес заради подобрување на финансиското управување и контрола во насока на вршење на работите на правилен, ефективен и ефикасен начин, усогласување на работењето со законите, плановите и постапките, јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите, односно правилно евидентирање на финансиските трансакции и навремено следење на приходите по основ на даноци, такси и надоместоци. Во месец јули 2013 година донесена е процедурата за администрирање на даноците на имот на општината.

**Препорака:**

Одговорните органи на општината да ги продолжат започнатите активности за донесување на пишани процедури, нивна имплементација, со кои ќе се воспостават интерни контроли кои ќе обезбедат ефикасен систем на следење на пресметување, утврдување и наплата на приходите од даноци, такси и надоместоци.

**Информационен систем**

4.1.2. Со анализа на информациониот систем на општината утврдени се следните состојби:

- не се донесени пишани политики и процедури за користење на Информациониот систем на општината,
- не е донесена ИТ стратегија за развој на општината,
- нема единствена мрежна инфраструктура на сите сектори во општината, како ни централизиран систем за пристап на корисниците,
- дел од компјутерите се со оперативен систем кој не поддржува централизирано работење и има ниско ниво на пристап при најавување на системот.

Наведената состојба не е во согласност со меѓународните стандарди (МСР 315) и најдобри пракси за ИТ безбедност (CobiT 4.1) што доведува до ризик од несоодветен развој на ИТ системот и несоодветен пристап до податоците.

**Препорака:**
Надлежните органи на општината да преземат мерки и активности за:

- подготовка и донесување на ИТ стратегија за развој на ИТ системот, стандардни политики и процедури за користење на ИТ системот како и зајакнување на нивото на пристап до податоците кои произлегуваат од ИТ системот и
- зголемување на безбедноста на пристапот до ресурсите во системот и до податоците, како и нивното чување и достапност.

4.1.3. Со анализата на апликациите за финансиско и даночно работење ревизијата ги констатира следните состојби:

- ниско ниво на заштита за најавување во апликациите,
- во апликацијата за финансиско работење нема автоматска контрола за внесување на ист број на фактура од ист добавувач, како ни контрола за веќе внесена шифра на одреден комитент,
- апликациите кои се изработени користат база на податоци од постара верзија која нема доволно големо ниво на заштита за неовластен пристап,
- нема поврзувања со постојните апликации каде се регистрирани приходите од даноците и комуналните такси и
- базата на податоци во даночната евиденција не се заклучува со 31.12. во годината и не се печатат состојбите на побарувањата по основ на даноци и комунални такси со состојба на 31.12. за да се потврдат наплатата и побарувањата во финансиското сметководство, што не е во согласност со член 10 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските

корисници согласно кој буџетските корисници на крајот на фискалната година ги заклучуваат и ги поврзуваат деловните книги.

Утврдените состојби создаваат можност од искажување на неверодостојни податоци во електронска форма, губење на евидентирани податоци во електронска форма и создаваат ризик податоците во финансиските извештаи да не се комплетни и веродостојни.

**Препорака:**
Надлежните служби да преземат активности за воспоставување на автоматски контроли во сметководствените апликации како и надградба и поврзување на постојните решенија и автоматизирање и поврзување со апликациите за даноци и комунални такси, како и копија од податоците за даноци и комунални такси со состојба за поединечна и вкупна наплата и побарувања на ден 31.12. во годината.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со извршената ревизија на сметката на Општина Охрид, отворена во рамките на Трезорската сметка, преку која се врши финансиското работење, констатирани се следните состојби:

- во извештајот за извршената ревизија за 2010 година, овластениот државен ревизор извести дека сметката на Општина Охрид континуирано е блокирана со судски извршни решенија за наплата на неизмирени обврски, започнувајќи од 2005 година, која состојба продолжува и во текот на 2012 година. Поради наведеното, Општина Охрид дел од намирувањата на обврските и побарувањата ги врши со пресметка односно со пребивање (компензација), промена на доверител или должник – отстапување на побарување со договор (цесија) и со упатување (асигнација), како начини на плаќање на истите, што е спротивно на член 25 став 2 од Законот за платниот промет[1], согласно кој буџетските корисници и единките корисници и другите субјекти кои имаат трансакциони сметки во трезорската главна книга и истите се блокирани, не можат да вршат плаќања со пресметка. Плаќањата со договорите за намирување на паричните обврски и побарувања со пресметка учествуваат дури до 40% во реализацијата на вкупните приходи односно расходи на општината,
- во фазата на извршување на ревизијата, добиена е Информација број 05-3788/1 од 17.07.2013 година, со која општината информира дека почнувајќи од април 2013 година, намирувањата на обврските и побарувања не се вршат со пресметка,

[1] Законот за платниот промет, Службен весник на РМ" бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________
*2.* ____________________

____________________

- во текот на 2012 година склучени се договори за намирување на обврски и побарувања со пресметка во износ од 178.541 илјади денари и истите не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем, што е спротивно со член 18 од Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници[2], согласно кој ....„признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници се спроведува според сметководствено начело на парично искажување„..... Ваквиот начин на наплата на побарувањата и исплата на обврските придонесува платниот промет да се врши надвор од трезорскиот систем, со што се нарушува и принципот на сметководственото начело на парично искажување,
- согласно член 211 од Законот за извршување[3], врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност односно задачи, за што висината ја определува претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство. Со Решение од Основен суд Охрид ППНИ-300/11 од 26.08.2011 година за утврдување на минимум средства за извршување на основната дејност, утврден е минимум на средства во износ од 23.303 илјади денари за секој месец, кои се изземаат од извршувањето. Со наведеното решение се потврдени доверителите кои следат да бидат измирени. Основниот суд Охрид има донесено ново решение ППНИ. бр. 234/13 од 17.06.2013 година, со кое се зголемува минимумот средства за извршување на основната дејност на должникот Општина Охрид во износ од 30.200 илјада денари,
- финансиска нестабилност на општината настанува доколку сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или во период од шест месеци континуирано секој месец, со состојба на крајот на месецот како и вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година. Во извештајот за извршената ревизија за 2010 година, овластениот државен ревизор извести дека Општина Охрид има доставено известување до надлежните органи за состојбата во однос на блокираната сметка и неизмирените обврски, но истите во текот на 2011 година немаат преземено активности за надминување на утврдените состојби и

[2] Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Службен весник на РМ” бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11),

[3] Законот за извршување, Службен весник на РМ” бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 167/10, 171/10, 148/11,

- иако во текот на 2012 година продолжуваат погоре наведените услови за настанување на финансиска нестабилност, општината согласно измената на законската регулатива, нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност, што е спротивно на член 39 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[4], согласно кој Градоначалникот на општината е должен да донесе одлука за прогласување на финансиска нестабилност најдоцна во рок од пет дена од настанување на една од погоре наведените причини, за што го известува советот на општината, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија во рок од три дена од денот на донесување на одлуката. Поради наведените состојби оневозможено е воспоставување на процес за надминување на финансиската нестабилност на општината и негова координација од страна на Министерството за финансии преку Координативно тело, со одобрување на план на мерки за надминување на финансиската нестабилност, предложени и доставени од страна на општината.

Во прилог на доставените забелешките по Нацрт извештајот, одговорното лице информира дека во функција на надминување на финансиската нестабилност и деблокирање на сметката на буџетот на општина Охрид има донесено акционен план согласно кој е формирана работна група за утврдување на вкупниот долг на општината по сите основи. Одржани се работни состаноци со сите доверители кои имаат извршни решенија со цел договарање за отпис на камата, отпис на дел од главнината или репрограмирање на исплатата на долгот. Во тек се постапки на склучување на спогодби со доверители на Општината за регулирање на исплатата на долговите.

**Препорака:**
Раководните органи на општината во координација со надлежните органи да продолжат со активностите за надминување на финансиската нестабилност на општината.

4.2.2. Советот на Општина Охрид на седницата одржана на 28.02.2013 година, има усвоено Годишен извештај за работењето на Општинана Охрид во 2012 година. Годишниот извештај не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми и извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдува точноста и веродостојноста на

[4] Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, "Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11

годишната сметка, што е спротивно на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа каде е утврдена содржината на годишниот извештај. Не доставување на комплетен извештај за работењето на општината до советот ја намалува транспарентноста на работењето на општината и придонесува советниците и граѓаните да не се информирани за реалните состојби во кои се наоѓа општината и влијае на донесувањето на одлуките од страна на советот.

**Препорака:**

Надлежните органи на општината да преземат мерки и активности годишниот извештај да содржи податоци за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми и извештај од одговорниот сметководител за точноста и веродостојноста на годишната сметка.

**Приходите по основ на даноци на имот**

4.2.3. По основ на даноци на имот во текот на 2012 година остварени се приходи во износ од 120.411 илјади денари, за кои ревизијата ги утврди следните состојби:

- не е извршено целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот за физички лица кои подлежат на оданочување, од аспект на утврдување на пазарната вредност на имотот согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од причина што за 50% од даночните обврзници се користи основицата утврдена од страна на Управата за јавни приходи. Наведената состојба е во спротивност со член 5 од Законот за даноците на имот, согласно кој основицата за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена согласно наведената методологија. Не ажурираниот регистар на физички лица создава можност од нереално утврдени и наплатени приходи по основ на данок на имот,
- не е извршено усогласување на регистарот на недвижен имот со истиот на Агенцијата за катастар на недвижности, што е спротивно на член 39 од Законот за даноците на имот согласно кој Општинската администрација редовно ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности. Наведеното влијае врз потврдување на комплетноста на податоците за даночните обврзници во општината.

  Од страна на општината доставено е барање бр. 03-80/1 од 11.01. 2012 до Агенцијата за катастар на недвижности, за усогласување на состојбата на регистарот на недвижен имот, на кое барање Агенцијата за катастар на недвижности нема доставено одговор,

- ненаплатените побарувања по основ на данок на имот, евидентирани во базата за даночна евиденција, не се искажани во финансиските извештаи на Општина Охрид, што влијае врз целосноста на прикажаните побарувања,
- пресметувањето на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште во текот на 2012 година се врши по цени кои не се усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, што е спротивно на член 36 од Законот за локалана самоуправа во кој се утврдени надлежностите на Советот на општината и
- не е воспоставена контрола на утврдување на точноста на даночна основица, односно на пресметките за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, истите се изработуваат рачно, постои можност од математички грешки во пресметките.

Во текот на ревизијата од страна на Советот на општината донесени се Одлуки за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (земјоделско и градежно земјиште, дворни места) со утврдени цени за градежното и земјоделското земјиште и бодови по зони на подрачјето на Општина Охрид.

**Препорака:**
Надлежните органи на општината да преземат мерки и активностите за:
- целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот за физички лица кои подлежат на оданочување,
- редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности во Општината и регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, со што ќе се обезбеди реалност на податоците за даночните обврзници и
- утврдување на износот на побарувањата по основ на данок на имот, за кои постои основ за наплата и евидентирање на истите во сметководствената евиденција.

**Приходите по основ на комунални такси**

4.2.4. Обврската за пресметување и наплата на комуналната такса за фирма, односно назив на деловна просторија е утврдена во Законот за комуналните такси. Обврзници на оваа такса се правни лица и трговци поединци кои имаат регистрирано фирма на подрачјето на Општина Охрид. Со увид во целокупната расположлива документација за приходите по основ на комунални такси, по кој основ во текот на 2012 година остварени се приходи во износ од 4.213 илјади денари, ревизијата ги утврди следните состојби:

- решенијата по основ на комунална такса за 2012 година не се издадени во законски утврдениот рок, истите се издадени на ден 29.04.2012 година, што е спротивно на член 16 од Законот за комунална такса односно член 30 од Законот за даноци на имот, согласно кој градоначалникот на општината донесува решение за висината на данокот на имот најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува данокот на имот и му доставува решение на даночниот обврзник за утврдениот данок,
- во текот на 2012 година доставени се само 26% решенија за комунална такса за фирма до даночните обврзници од вкупниот број на изготвени решенија,
- во текот на 2012 година од вкупно 85 доставени опомени за неплатен долг, решенија за присилна наплата се доставени до 20 правни лица. При тоа 70% од решенијата се вратени назад од деловните банки, со образложение дека сметката е неактивна, блокирана или податоците се неточни,
- не се врши усогласување на податоците на даночната и финансиската евиденција на побарувањата по основ на комунална такса, односно во финансиската евиденција не се искажуваат побарувањата по основ на комунална такса за фирма и
- Одделението за комунални такси секоја година врши ажурирање на сопствената базата на податоци со податоци кои ги добива од Централен регистар.

Наведените состојби имаат влијание врз комплетноста на наплатата и износот на остварени приходи по основ на комунални такси на Општина Охрид.

Во 2013 година Централен регистар објави преглед на друштва, односно субјекти на упис кои имаат статус на неактивен поради тоа што не ја потврдиле идентичноста на податоците пренесени од хартиена во електронска форма во единствениот трговски регистар согласно член 67 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, со предлог дека ќе ги брише од својата евиденција. Во објавениот преглед 333 фирми се со седиште во Општина Охрид.

**Препорака:**

Надлежните органи на општината да преземат мерки и активности за:

- целосно ажурирање на податоците во регистарот на обврзници за комунална такса за фирма во рамки на Одделението за комунални такси,
- издавање на решенијата по основ на комунална такса во законски утврдениот рок,
- навремена достава на решенијата до обврзниците,

- усогласување на податоците помеѓу даночната и финансиската евиденција и
- наплата на заостанатиот долг по основ на комунална такса за фирма.

4.2.5. Согласно Законот за комуналните такси, советот на општината има донесено Одлука за висината на комуналната такса за поставување на урбана опрема, која се плаќа на годишно ниво. Општина Охрид во текот на 2012 година има спроведено постапка за издавање на времено користење на простор за поставување на урбана опрема, при која во почетна цена за издавање на локациите е содржана и комунална такса на повисок износ од законски утврдениот. Ваквиот начин на утврдување и наплата на комуналната такса е во спротивност со Одлуката за висината на комуналните такси донесена од страна на Советот на Општина Охрид, што придонесува наплатата на комуналната такса по овој основ да е во повисок износ од утврдениот.

**Препорака:**

Пресметувањето, наплатата на комунална такса за поставување на урбана опрема да се спроведува согласно Одлуката за висината на комуналните такси донесена од страна на Советот на Општина Охрид.

4.2.6. Од извршениот увид на документацијата за остварените приходи по основ на комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба на територија на Општина Охрид, ревизијата констатира дека организаторите на кампирање остваруваат приходи по основ на закуп на земјиште за лоцирање на приколки, подигање на шатори и друга слична привремена употреба, но истите не пресметуваат и наплатуваат комунална такса од граѓаните за користење на површини во кампови, која претставува приход на општината. Наведената состојба е спротивна со тарифен број 2 од член 20 од Законот за комуналните такси, согласно кој за користењето на површини во камповите наплатата на комуналната такса ја вршат угостителските, туристичките и други правни лица и истата ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Ефектот од ваквиот начин на работење е помалку остварени приходи по наведениот основ во корист на Општина Охрид.

Од месец февруари 2013 година донесен е нов Закон за автокампови, согласно кој надлежноста во делот на формирањето, развојот и следењето на функционирањето на автокамповите предвидени на земјиште во сопственост на Република Македонија ги врши Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, освен доколку земјиштето за привремено кампирање е на територија на општината, за кое акт донесува советот на општината, согласно

член 9 од наведениот закон. Согласно Законот за автокампови подзаконскиот акт потребно е да се донесе заклучно со месец јули 2013 година.

**Препорака:**
Одделението за комунални такси, Одделението за комунални дејности и Инспекторатот на Општина Охрид да ги преземат следниве активности:
- организаторите на кампирање да пресметуваат, наплатуваат и вршат уплата на таксата за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба во корист на сметката на Општина Охрид и
- Инспекторатот на Општина Охрид да врши редовни контроли на наплата на комуналната такса и уплата во корист на соодветната уплатна сметка.

**Приходите по основ на надоместоци**

4.2.7. Со извршениот увид во документацијата за утврдување и наплата на приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште, со кои се обезбедуваат средства за покривање на реалните трошоци при уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура по одделни населби и улици во градот Охрид и населените места, ревизијата констатира состојби за кои се дадените препораки и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година и тоа:
- не се ажурирани зоните на градежното земјиште на подрачјето на градот и туристичките населби односно населените места согласно фактичката состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште, предвидени со Програмата за уредување на градежното земјиште на град Охрид и туристичките населби за 1996 година, со која утврдени се шест зони за изградба на објектите и истите се во примена и во текот на 2011 и 2012 година и
- надоместокот за уредување на градежно земјиште не се наплаќа за населените места: Велгошти, Лакочереј, Лескоец, Елшани, Трпејца, Љубаништа, Велестово и други пооддалечени населени места. За дел од овие населени места има изградено инфраструктура: водовод, фекална канализација и пристапни патишта, дел од населените места делумно се уредени со инфраструктура во 2009 година, додека дел во 2010 година комплетно се уредени (Велгошти и Лескоец), но истите се уште не се инкорпорирани во зоните за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Поради наведената состојба оневозможено е целосна наплата на приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште за дел од подрачјето на општината, остварување на програмските активности на општината, како и

зголемен обем на трошоците за уредување на градежното земјиште во погоре наведените населени места.

**Препорака:**
Секторот за урбанизам и заштита на животната средина да преземе мерки за преиспитување на зоните на градежното земјиште на подрачјето на градот и туристичките населби односно населените места, заради можност за целосно утврдување на надоместок за уредување на градежно земјиште и негова наплата.

4.2.8. Согласно Законот за јавна чистота Советот на Општината во текот на 2009 година донел Одлука за одржување на јавна чистота и утврдување надоместок за одржувањето на јавната чистота со која е утврдена висината и начинот на наплаќање на надоместок за одржување на јавната чистота. Наплата на надоместок за одржување на јавна чистота се врши од страна на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката. Согласно член 25 од наведениот закон, наплатените средства од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота. Согласно доставениот „Извештај за остварените резултати од работењето ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за период 01.01-31.12.2012 година„ број 02-298/5 од 25.02.2013 година наплатени се средства во износ од 475 илјади денари од надоместокот за одржување на јавна чистота, кои не се трансферирани на сметката на Општина Охрид, што е спротивно со член 24 и член 25 од наведениот Закон. Ваквата пракса на непренесување на наплатените средства од страна на јавното претпријатие во корист на сметката на општината е присутна и во минатите години, што има за ефект помалку остварени приходи по основ на надоместок за одржување на јавната чистота.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општина Охрид во соработка со ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид да преземат мерки и активности за доследна примена на одредбите од Одлуката за одржување на јавна чистота и утврдување и наплата на надоместокот за одржувањето на јавната чистота како и пренесување на наплатените средства во корист на сметката на општината.

4.2.9. Општина Охрид остварува приходи по основ на надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари и издадени дозволи за прекумерно користење на патишта од страна на правни и физички лица.

- Согласно Одлука за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари, донесена во 2010 година, предвиден е надзор од страна на стручни лица од одделението за комунални дејности и одделението за сообраќај на улици, утврдување на видот и вредноста на градежно - земјените работи, вредноста на објектот на кој се вршат градежните работи како и да се утврди обемот на трајното оштетување на улици и тротоари, се со цел да се утврди висината на надоместокот. Стручните служби не изготвуваат записник и детална пресметка за извршениот надзор што е спротивно на член 3 од Одлука за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари. Општината нема донесено посебен акт - процедура за издавање на дозволи и утврдување на надоместокот за извршени прекопи.
- По издадени дозволи за прекумерно користење на патишта од страна на правни и физички лица кои изведуваат инвестициони работи или дејности не се изготвува записник за извршен надзор и надзор во случај на оштетување или загадување при изнесување на земја на јавните сообраќајни површини, односно тротоари, улици и зелени површини и враќање во првобитна состојба. Нема посебен акт за издавање на дозволи за прекумерно користење на општинските патишта и нема донесено одлука од советот за висината на надоместокот за прекумерно користење на општински пат (се користи ценовник од ЈП „Македонија пат"Скопје), што е спротивно на член 62 од Законот за јавни патишта со кој е утврдено дека висината на надоместокот за прекумерно користење на општинските патишта се утврдува со одлука донесена од страна на советот на општината.

Воспоставениот начин на утврдување на наведените надоместоци придонесуваат приходите по основ на прекопи на улици и тротоари и издадени дозволи за прекумерно користење на патишта да се наплаќаат без донесен акт од страна на надлежните органи и има влијание врз висината на реализираните приходи по наведените основи. За состојбата овластениот државен ревизор извести и во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година.

**Препорака:**

Надлежните органи на Општина Охрид да ги преземат следниве активности:

- за извршениот надзор од страна на стручни лица од одделението за комунални дејности и одделението за сообраќај на улици, да се донесе акт/процедура за издавање на дозволи и утврдување на надоместокот за извршени прекопи,
- да се донесе посебен акт за издавање на дозволи за прекумерно користење на општинските патишта и

- да се донесе одлука за висината на надоместокот за прекумерно користење на општински пат.

**Приходи од закуп на општински имот**

4.2.10. Согласно член 4 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Општина Охрид остварува приходи од закупнина на општински имот. Општина Охрид поседува паркинг простори на подрачјето на општината, кои простори се издаваат под закуп. На 20.07.2005 година склучен е договор за закуп на паркинг просторот со правно лице со важност од пет години, односно до 20.07.2010 година и анекс на истиот од 21.04.2006 година, по кои паркинг просторот се користи и во текот на 2011 година. За состојбите по наведениот договор и анекс на истиот, овластениот државен ревизор извести во Конечните извештаи за 2005 и 2010 година.

Со увид во документацијата во 2012 година, ревизијата го констатира следното:

- заклучно со ден 05.07.2012 година паркинг просторот се користи од страна на правното лице врз основа на договорот склучен во 2005 година чија важност е истечена,
- издадено е Задолжение број 20-7 од 08.02.2012 година, согласно кое општината го задолжува правното лице за комунална такса во износ од 201 илјади денари за 186 паркинг места, иако во договорот и анексот на истиот, не е наведен бројот на паркинг места, поради што ревизијата не го потврдува износот на наведеното задолжение,
- со Одлука за отстапување на користење на паркинг простори од Општина Охрид на ЈП„Билјанини извори„ Охрид број 07-1626/19 од 27.04.2012 година, советот на општината, дел од јавните паркинг простори на подрачјето на Општина Охрид ги отстапува на користење на ЈП„Билјанини извори„ Охрид. Со постапка за јавно наддавање, склучен е Договор за закуп на паркинг простор број 03-635 од 05.07.2012 година помеѓу ЈП„Билјанини извори„ Охрид и правно лице за користење на 308 паркинг места,
- на ден 26.10.2012 година, советот носи Одлука за изменување на претходно донесената одлука од 27.04.2012 година, со која надлежноста за користење на дел од паркинг просторите се враќа на Општина Охрид. И покрај пренесеното право на користење на општината, паркинг просторите до крајот на 2012 година се користат од страна на правното лице.

  За овој дел од паркинг просторите, општината во јануари 2013 година, склучува анекс договор на договорот склучен помеѓу ЈП„Билјанини извори„ Охрид и правно лице, во кој анекс како закуподавач се јавува

Општина Охрид, а закупопримач правното лице, без да се спроведе постапка за јавно наддавање,

- во текот на 2012 година се врши задолжување на правното лице со комунална такса за користење на паркинг просторот, но не и со закупнина за истите, што е спротивно на член 4 од склучениот договор,
- со цел давање под закуп на паркинг просторите, изготвена е Студија за утврдување на систем на улично зонско паркирање, врз основа на која донесена е Одлука од советот на Општина Охрид број 07-5280/4 од 05.12.2012 година за започнување на постапка за доделување на договор за давање под краткотраен закуп на паркинг простори во Општина Охрид на втора и трета паркинг зона. На ден 04.02.2013 година, Државната комисија за спречување на корупцијата доставила барање до Комисијата за јавни набавки на општина Охрид за запирање на постапката, по кое барање не е постапено. И покрај сите укажувања и констатации за неправилности и незаконитости во постапката од надлежните органи, Градоначалникот на Општина Охрид склучил Договор број 08-977/1 од 01.03.2013 година за закуп на паркинг простор со истото правно лице. Од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е  Барање за поништување на постапка број 07-2502/2 од 26.03.2013 година.

Наведените состојби придонесуваат давањето на користење на ствари, сопственост на општината во текот на 2012 година да се врши нетранспарентно, без спроведување на целокупната постапка за давање на просторот под закуп, поради што ревизијата не ги потврдува искажаните побарувања кон правното лице - закупопримач како и остварените приходи по наведениот основ.

За разрешување на погоре наведените состојби, од страна на Општина Охрид на ден 25.06.2013 година поднесена е Тужба кон правното лице, корисник на паркинг просторите по Договор број 08-977/1 од 01.03.2013 година за закуп на паркинг простор. Постапката е во тек.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општина Охрид давањето на користење на ствари во сопственост на општината,  да го вршат со спроведување на постапки за јавно наддавање.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Со состојба на 31.12.2012 година не е извршен целосен попис на побарувањата на Општина Охрид од аспект на утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите, што е спротивно со  член 31-в од Правилникот

за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Нецелосно извршување на пописот во делот на побарувањата согласно законската регулатива, создава ризик од не потврдување на искажаните состојби и можност за нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Со Решение број 08-1945/1 од 30.04.2013 година, формирана е Комисија за вршење на вонреден попис, со кое Комисијата е задолжена да изготви Извештај за истиот по организациони единици.
Во текот на 2013 година од страна на службите на Општина Охрид во тек е изработка на преглед на побарувањата на Општина Охрид заклучно со ден 10.04.2013 година, со утврдување на правниот основ и старосната структура на истите.

**Препорака:**
Надлежните органи на општината да преземаат мерки и активностите при вршење на попис на побарувањата да се утврди правниот основ и старосната структура на истите.

4.3.2. Со состојба на 31.12.2012 година во сметководствената евиденција на Општина Охрид искажани се побарувања во износ од 81.447 илјади денари. Со увид во даночната евиденција ревизијата констатира дека не се евидентирани побарувања во износ од 167.489 илјади денари по основ на:

- комунална такса за привремен престој во износ од 2.778 илјади денари,
- комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија во износ од 22.704 илјади денари,
- данок на имот 138.239 илјади денари и
- данок на промет на недвижности и наследство и подарок 3.768 илјади денари.

За наведените побарувања Општина Охрид не располага со податоци за старосната структура на истите, како и дали за побарувањата постои законска можност за нивна наплата согласно Глава 5 од Законот за даноците на имот. Не евидентирањето на побарувањата е спротивно на член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и некомплетни финансиски извештаи и има влијание на навремено преземање на законски мерки за присилна наплата



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________

_____________________

**Препорака:**
Надлежните органи да преземат марки и активности за утврдување на старосната структура на побарувањата по основ на даноци и такси, да се утврди законската можност за нивна наплата, да се изврши нивно евидентирање како и да се преземат мерки за наплата на истите.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3. кои се однесуваат на плаќањата со пресметка кои не се поминати низ трезорскиот систем, неправилностите кај утврдувањето и наплатата на приходите, неизвршениот попис на побарувањата и нецелосната евиденција на побарувањата, ревизијата не изразува уверување во однос на искажаните состојби во финансиските извештаи.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.1., 4.2.3., 4.2.4. и 4.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет**

6.1. Сметката на Општина Охрид е блокирана со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од минати години од 2002 година заклучно со месец март 2013 година. Согласно состојбата на ден 31.03.2013 година, обврските на општината изнесуваат 1.205.440 илјади денари и се состојат од:

- евидентиран долг по сметководствената евиденција 849.706 илјади денари,
- неевидентиран долг во износ од 194.814 илјади денари и

- неевидентирана камата во износ од 160.920 илјади денари.

6.2. Обрнуваме внимание дека Општина Охрид е тужена странка од 63 (шеесет и три) субјекти и тоа 29 (дваесет и девет) физички лица за долг од 47.147 илјади денари, 15 (петнаесет) правни лица за долг од 49.451 илјади денари, од 14 (четиринаесет) физички лица без утврден износ на долгот и од 3 (три) правни лица без утврден износ на долгот.

Општина Охрид се јавува како тужител на 10 (десет) субјекти, и тоа 3 (три) физички лица за долг од 1.074 илјади денари, 7 (седум) правни лица за долг од 5.275 илјади денари.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

6.3. Обрнуваме внимание дека во 2012 година Општина Охрид има остварено приходи во износ од 6,211 илјади денари како поврат на средства од извршители.

Општина Охрид работи со блокирана сметка по судски извршни решенија од повеќе доверители кои се на ред на чекање за присилна наплата.

Од страна на општината во меѓувреме се случува да со одредени доверители кои чекаат за извршување и наплата на нивните побарувања склучуваат спогодби за регулирање на начинот на исплата на обврските.

За склучените спогодби надлежните служби ги известуваат ангажираните адвокати од Општината, за поднесување на барање за повлекување на извршните решенија кои чекаат на ред за наплата. Општина Охрид постапува по склучената спогодба и исплатува средства од буџетот додека во меѓувреме се реализира и судското извршно решение, што придонесува да се изврши два пати одлив на средства за истите обврски. Општината поднесува барање до извршителот и се врши поврат на два пати исплатените средства од сметката на буџетот .

За да нема појава на два пати платени обврски, барање за поврат на средства во услови кога Општината се наоѓа во состојба на финансиска нестабилност, надлежните служби да преземат мерки и активности за континуирано следење на судски извршни решенија за кои се склучуваат спогодби за регулирање на начинот на исплата на обврските..

Скопје 18.10.2013



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________

______________________

ОПШТИНА ОХРИД

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 370.859 | 366.161 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 14.805 | 15.485 |
| Капитални приходи | 3.3. | 30.608 | 65.856 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 41.805 | 40.930 |
| **Вкупно приходи** | | **458.077** | **488.432** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 78.466 | 72.156 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 200 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 139.333 | 114.436 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3. | 19.460 | 22.753 |
| Социјални бенефиции | 3.5.4. | 400 | 281 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **237.659** | **209.826** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **214.738** | **275.164** |
| **Вкупно расходи** | | **452.397** | **484.990** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.680** | **3.442** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________

______________________

ОПШТИНА ОХРИД

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.680 | 3.442 |
| Побарувања | 4.1.2. | 81.447 | 112.173 |
| **Вкупно тековни средства** | | **87.127** | **115.615** |
| **Вкупна актива** | | **87.127** | **115.615** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 87.127 | 115.615 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **87.127** | **115.615** |
| **Вкупна пасива** | | **87.127** | **115.615** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________

_______________________

Република Македонија
**Општина Охрид**

Бр. 05-5580/1
Охрид, 25.09.2013 год.

Градоначалник на општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046)262-492; 262-493
Сајт: ohrid.gov.mk
E-Mail: gradonacalnik@ohrid.gov.mk

**ДО**
**Државен завод за ревизија Скопје**

**ПРЕДМЕТ:**

**Забелешки по нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

Врз основа на наодите и препораките, изнесени во нацрт извештајот на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет(630) на Општина Охрид, согласно Законот за државна ревизија, благовремено го доставуваме своето мислење по однос наодите во точка 4.2, со цел нашето мислење како наод на овстениот ревизор да биде вклучено во конечниот извештај.

Имено, во нацрт извештајот, точка 4.2 **усогласено со законските прописи,** подточка 4.2.1 алинеја 5 и во препораката дадена во истата глава, овластениот Државен ревизор констатирал дека Општината во 2011 година и 2012 нема преземено мерки за надминување на состојбата на финансиската нестабилност и нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност што е спротивно на член 39 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Притоа не се се земени во предвид мерките и активностите кои ги презела општината во 2013 година(од април месец) за надминување на наведената состојба.

Во однос на изнесеното, ги изнесуваме сите мерки преземени од одговорното лице, со цел истите како наод од страна на Овластениот државен ревизор да бидат имплементирани во конечниот извештај за извршената ревизија на основниот буџет (630).

Одговорното лице (Градоначалникот), донесе **акционен план** како збр на мерки и активности за надминување на состојбата на финансиска нестабилност. Планот ги опфаќа следните мерки:

**1.** Формирање на работна група за утврдување на **вкупниот долг** на општината по сите основи. За таа цел работната група изврши **класификација** на обврските кон доверителите по два основи:

- Книговодствено евидентирани и Книговодствено неевидентирани
- Разграничување на долгот по основ: главен долг , камати, судски и процесни трошоци

**2.** Врз основа на активностите од точка 1, преземени се следните мерки:

- Извршено е книговодствено третирање на неевидентираните обврски по било кој основ.

- Изготвен е преглед на целокупниот долг разграничен: по основ долг по извршни решенија со кои е блокирана сметката на општината, главен долг, камати, судски и процесни трошоци, неотужени обврски, обврски за кои доверителите покренале судска постапка и недоспеани обврски.

Преземените мерки од точка 2 преставуваат основ за добивање на целосна слика за висината на долгот, разграничен по сите основи, како можност за менаџирање на истиот и утврдување на динамика на исплата на долгот.

**3.** Менаџментот на општината одржа состаноци со сите доверители кои имаат доставено извршни решенија на сметката на Општината во Трезорот на Министерството за финансии, со цел **договарање** на отпис на каматата, отпис на дел од главнината, намалување на судските и процесни трошкови и репрограмирање на исплатата на долгот по динамика која согласно финансиските ресурси на Општината нема да го попрече редовното работење на Општината.

**4.** Во тек е постапка за склучување **на спогодби** со доверители на Општината во кои спогодби се опфатени елементите на отпис на камата и главнина како и динамиката на исплата на долговите. Значаен елемент во ваквите спогодби што доверителите на Општината покрај обврската за намалување на побарувањата, се обврзуваат за повлекување на извршните решенија.

Преземените мерки треба да допринесат за деблокирање на сметката, но притоа договорената динамика на исплата на обврските да овозможи и непречено функционирање на Општината. Во процесот на спроведување на овие мерки е вклучен значителен потенцијална Општината.

Од овие причини сметаме дека овластениот Државен ревизор во точката 4.2 од нацрт извештајот за извршената ревизија на сметката на основнот буџет (630), треба да внесе нова подточка во кој ќе ги земе во предвид мерките и околностите изнесени во овој допис.

Изготвил и одобрил
Раководител на одд. за јавни набавки
Тони Ивановски

Општина Охрид
Градоначалник,
Никола Бакрачески

**Прилог број 2**

## ОДГОВОР

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 30.09.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2012 година, од страна на законскиот застапник, градоначалникот Никола Бакрачески, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29 - 632/8.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1. алинеја 5** од Нацрт извештајот која се однесува дека Општина Охрид во 2011 и 2012 година нема преземено мерки за надминување на состојбата на финансиската нестабилност, **претставува известување** за преземените мерки од страна на одговорното лице од април 2013 година до денот на забелешките по Нацрт извештајот за надминување на констатираните состојби. Преземените мерки за надминување на финансиската нестабилност соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот извештај во точка 4.2.1. која ќе се надополни а препораката соодветно ќе се преформулира.

---

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

1.____________________ ______________________

2.____________________